Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 20, 4 мај 2009 година

мај 2009 година
Штип

# С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научна област финансии и банкарство на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за наставно-научната област фитопатологија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 8

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање во наставно-научната област молекуларна биологија на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 15

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање во наставно-научната област нематологија и интегрална заштита на растенијата на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип ........ 27

**РЕЦЕНЗИЈА** за книгата „Фитопатологија“ (специјален дел) од авторите проф. д-р Филип Пејчиновски и проф. д-р Саша Митрев, предвидена како учебник по предметот Фитопатологија на Земјоделскиот факултет ........ 32

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Борис Крстев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ НЕМАТОЛОГИЈА И ИНТЕГРАЛНА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА НА ЗЕМЈОДЕЛСКИОТ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” - ШТИП**

Со Одлука бр. 1802-77/14 од 25.3.2009 год., донесена на 15. редовна седница на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“, назначени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во **насловно звање од наставно-научната област нематологија и интегрална заштита на растенијата** на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во дневните весници „Дневник” и „Лајм” на 26.2.2009 год. и во предвидениот рок, утврден со Конкурсот, се пријави кандидатот д-р Ристо Вучков, кој со Одлука бр. 1802-77/13 од 25.3.2009 год. е утврден за единствен пријавен кандидат.

Врз основа на приложената документација, Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Илија Каров - претседател, редовен професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип;
- проф. д-р Саша Митрев - член, редовен професор на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип;
- доц. д-р Душан Спасов - член, доцент на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” - Штип,

има чест и задоволство на наставно научниот совет на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип да му го поднесе следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Ристо Вучков** е роден на 6 август 1949 година во с. Ново Село, Струмица. Основно и средно образование завршува во Струмица. Во 1968 година се запишува на Земјоделски факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, каде што во 1973 година дипломира и се стекнува со академски степен *дипломиран инженер по земјоделство*.

По дипломирањето се вработува во производствена организација „Зик Струмица”, каде се стекнува со практично искуство од областа на аграрот. Во 1977 година се запишува на специјалистички студии на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј”, од областа на ентомологијата, на тема „*Следење на летот на гроздовите молци со методите на ловни садови и феромони и заштита на виновата лоза во струмичкиот регион*”, кои успешно ги завршува во 1978 година, стекнувајќи се со академски степен *специјалист на земјоделски науки*.

Во 1980 година се запишува на постдипломски студии на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” – Скопје од областа на заштита на растенијата. Својот магистерски труд, со наслов „*Fusarium oksisporum f. niveum – причинител на кореновото заболување кај лубеницата*” успешно го одбранува во 1982 година, со што се стекнува со академски степен *магистер на земјоделски науки*.

Со цел за унапредување на земјоделското производство во регионот и пошироко, д-р Ристо Вучков во 1992 година го отвора прввиот Советодавен центар „Агропротект” со услуга за земјоделските производители во дијагностицирањето на болести, штетници и нематоди кај растенијата.

Во 2000 година на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Јосип Јуриј Штросмаер" – Осиек, Хрватска, успешно ја одбранува својата докторска дисертација со наслов „*Fitoparazitne nematode na podrucje Strumice s posebnim osvrtom na MELOIDOGYNE spp.*" Со Одлука за нострификација, бр. 02-1132/13 од 18.7.2001 година, донесена на 6. седница на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј", извршена е нострификација на дипломата за академскиот степен *доктор на земјоделски науки*.

По докторирањето во склоп на советодавниот центар ја организира и отвора првата нематолошка лабораторија во Р. Македонија. Лабораторијата во соработка со повеќе европски институции успешно функционира, давајќи придонес во борбата против нематодите, кои пак од друга страна се потенцијална опасност за земјоделското производство во Струмичко и пошироко во регионот.

Во 2002 година д-р Ристо Вучков по исполнувањето на условите и критериумите од Министерството за образование и наука на Р. Македонија е запишан во листата на самостојни истражувачи како „самостоен истражувач д-р Ристо Вучков".

***Список на објавени трудови***


1. Чолева, Б., Билева, Т., Вучков, Р., Цветков, Ј. (2006): Orgamo-biological means and methods for control of plant parasitic namatodes as alternative of agrochemicals. 2006 Plovdiv, R of Bulgaria.
2. Вучков, Р. (2006): Mogucnost primjene nekih standard (EUROGAP, HASSP, ISO) u poljoprivredi i preredzivackoj industriji u Republici Makedoniji. Zbornik radova DDD I ZUPP. Dubrovnik, 2006: 313-317.
3. Вучков, Р. (2005): Problematika u proizvodzenju DDD mjera u R. Makedoniji, posebice fumigacije u skladistima. Zbornik radova DDD I ZUPP. Rovinj 2005:109-112.
4. Вучков, Р. (1999): Fitoparazitne nematode na podrucje Strumice s posebnim osvrtom na MELOIDOGYNE spp. Докторска дисертација, Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Јосип Јуриј Штросмаер" – Осиек, Хрватска.
5. Вучков, Р., Спасеноски, М., Даутова, М. (1995): Морфолошки карактеристики, содржина на растителни пигменти, квалитет и принос на тутун, заразени од нематодите од родот *Meloidogine* spp. XX советување за заштита на растенијата. Охрид, 1995 г.. Зборник на трудови: 37-47.
6. Вучков, Р., Спасеноски, М., Даутова, М., (1996): Компаративни следење на промените кај доматите (*Lycopersicon esculentum* Mill) предизвикани од фитопаразитни нематоди. Зборник за заштита на растенијата: 1996: 141-148.
7. Вучков, Р., Пеливановска В., Даутова, М. (1995): Следење на динамиката на елементите, приносот и квалитетот на тутунот заразен од нематоди од родот *Meloidogine* spp. 17. Симпозиум за тутун, Охрид, 1995 г.. Зборник на трудови.
8. Вучков, Р., Спасеноски М., Даутова, М. (1994): Влијанието на кореновите нематоди *Meloidogine* spp. врз динамиката на растителните пигменти и приносот кај доматите. Годишен зборник за заштита на растенијата: 149-156.
9. Вучков, Р. Спасеноски М., Даутова, М. (1994): Влијанието на кореновите нематоди *Meloidogine* spp. врз морфолошките карактеристики и содржината на вода кај домати во тек на расадот. Зборник на трудови. Нови технологии во производството на зеленчук и цвеќе. Книга I: 267 – 273.
10. Чолева, Б., Бахчеванова, С., Вучков, Р. Јовев, Ц. (1994): Еколошки пристап при спроведувањето на борбата против кореновите нематоди *Meloidogine arenaria* во пластениците. Зборник на трудови за заштита на растенијата. Охрид. Том V: 157-165.
11. Вучков, Р. (1988): Испитување на нематоцидните вредности на препаратот D.D.-92 во стакленици кај домати. Југословенско советување 1988. Опатија.

12. Вучков, Р. (1986): Нематодна пегавост на коренот во источниот дел на Македонија, со посебен осврт на растението хранител Pratilenchus spp. Конгрес за заштита на растенијата. Опатија. Зборник радова: 353-356.
13. Вучков, Р. (1984): Следење на летот на пепелавиот гроздов молец и мерки за негово сузбивање. Југословенско советување. Зборник радова: 85-87.
14. Вучков, Р. (1984): Фитопаразитните нематоди – потенцијална опасност во струмичкиот регион. Југословенско советување. Струга. Зборник радова.
15. Вучков, Р. (1982): *Fusarium oksisporum f. niveum* – причинител на кореновото заболување кај лубеницата. Магистерски труд на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методи" – Скопје.
16. Вучков, Р. (1978): Следење на летот на гроздовите молци со методите на ловни садови и феромони и заштита на виновата лоза во струмичкиот регион. Специјалистички труд на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје.


***Научноистражувачки активности***

- Биологија на лисните минери и можности за сузбивање;
- Циклусен развој на лисните вошки и мерки за заштита;
- Природна полинација – услов за здрава храна, здрава животна околина и квалитетно земјоделски производство;
- Циклусен развој на телните црви и нивно сузбивање;
- Биологија на луковата мува и мерки за заштита;
- Циклусен развој на нематодите од родот *Meloidogine* spp.

***Реализирани проекти***

- Утврдување на состојбата со фитопаразитните нематоди во Р. Македонија – финансиран од Министерство за образование и наука на Р. Македонија.
- Нови технологии во земјоделското производство – финансиран од Влада на Холандија, преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.
- Иницијатива за органско производство – финансиран од Влада на Швајцарија, преку движењето на екологистите во Македонија и Пронатура од Швајцарија.

***Специјалистички и студиски престои***

- Мај 2005 год. – European bank for reconstruction and development. Agribusiness strategy at the Joint Vienna Institute. Austria.
- Септември 2004 год. – International Centre for Advanced Mediterranean Agronomic Studies, Integrated/biological control of pest and disease in horticulture, Italy.
- Март 2002 год. – PEACEBRIDGE BIOFERMING: Animal nutrition (feeding of cows, horses, pigs, sheeps, goats, chicken adequate, cheep and farm integrated animal feeding), Осиек, Хрватска.
- Март 2002 год. – PEACEBRIDGE BIOFERMING: crop rotation, soil preparation fertilizing, disease prevention and pests control. Осиек, Хрватска.
- Септември 2000 год. – Greek development Assistance program, Modern Methods of agricultural product quality control, Glifada, Greece.
- Септември 1996 год. – Agricultural Cooperativa Development International for Participating in the private Agribusiness Development Project, Калифорнија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Според Правилникот за единствените критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, кандидатот **д-р Ристо Вучков** ги исполнува, критериумите, за да биде избран во **насловно звање доцент од наставно-научната област нематологија и интегрална заштита на растенијата** на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип.

Поради тоа, Рецензентската комисија му предлага на Наставно-научниот совет на Земјоделскиот факултет кандидатот **д-р Ристо Вучков** да биде избран во **насловно звање доцент од наставно-научната област нематологија и интегрална заштита на растенијата** на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев".

**Рецензентска комисија**

**Д-р Илија Каров - претседател, редовен професор, с.р.**

**Д-р Саша Митрев - член, редовен професор, с.р.**

**Д-р Душан Спасов - член, доцент, с.р.**

**Прилог:**

**Т а б е л а**
**за вреднување на активностите на д-р Ристо Вучков, според критериумите за избор на наставнички и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип**

| НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ | | |
|---|---|---|
| | Поени | |
| | во земјава | во странство |
| Прегледен труд (бр. 16) | 10 | |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во SCI/CA/останати (бр.1 и 9) | 12 | |
| Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (бр.14 и 13) | 2 | |
| Учество на научен собир со реферат (усно), (бр.12, 11, 3 и 2) | 6 | |
| Одбранета докторска теза | 8 | |
| Одбранета магистерска работа | 4 | |
| Раководител на научен проект | 12 | |
| Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 6 | |
| Основач на научна лабораторија (нематологија „Агропротект“) | 4 | |
| Студиски престој во странство | 8 | |

| СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО-РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | | |
|---|---|---|
| | Поени | |
| | во земјава | во странство |
| Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир (5,6,7,8,10) | 10 | |
| Идеен проект и студија | 4 | |
| **ВКУПНО** | **86** | |